Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

## 2023 - 2024

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
с.р. Славјанка Петровска

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА
# 2023 - 2024

Бр.10-610/1
06.02.2023 година

јануари, 2023 година

# ВОВЕДЕН ЗБОР



Почитувани,

Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана 2023 – 2024 година ја изработуваме во период кога сето она што сметавме дека не е возможно да се случи во контекст на безбедноста на европскиот континент – стана реалност. Конвенционалното војување, непочитувањето на меѓународниот правен поредок и суверената на државите со руската агресија врз Украина покажува дека нашите демократии, нашите вредности и принципи – владеењето на правото, слободите и еднаквоста се кревки и дека мораме постојано да бидеме будни, за нашиот начин на живот денес, да биде начин на живот и утре.

Конфликтот во Украина покажува и една друга страна на модерното војување – силата и брзината на пробивот на дезинформациите кои не препознаваат граници, ниту ограничувања. Дезинформациите имаат способност да внесат страв и паника, да го намалат кредибилитетот на институциите во една држава и да внесат сомнеж кај граѓаните во функционалноста на државата.

Токму затоа, нашите комуникациски активности мораат да бидат систематизирани, ефикасни, брзи и секогаш целосно вистинити и базирани на факти. Министерството за одбрана во последните години го разви сегментот на активна транспарентност до максимум. Од 2018 година независните мерења покажуваат силен пробив на Министерството на рангирањето согласно Индексот на активна транспарентност до лидерската позиција меѓу сите останати институции на државно и локално ниво. Во 2022 година го задржавме првото место со 100 процентна исполнетост на сите критериуми на активна транспарентност. Така и ќе продолжиме, за да поставиме стандард од кој во иднина нема да може да се отстапи.

Она што е особено важно е дека транспарентноста е поставена на здрави нозе, со дефиниран систем и одговорности и дека тој систем функционира. Ме радува фактот дека и покрај застанувањето на врвот на транспарентноста и успехот во пренесувањето на содржините кои се значајни за одбраната и Армијата до клучните публики, ние продолжуваме со непрекинат развој.

Еден од тие сегменти е новиот Концепт за креирање на систем за справување со дезинформации во Министерството, користејќи ги ресурсите со кои располагаме, но преку уште посилно вмрежување и координација на сите чинители во доменот на стратешките комуникации. Еден значаен дел во тој концепт, покрај односите со јавноста е и Регионалниот центар за односи со јавноста, нашиот НАТО – Партнерски центар за кој, заедно со НАТО имаме големи планови и јасна визија за развој. Овој Центар, покрај неговата превентивна функција во рамки на системот за справување со дезинформации, ќе мине низ т.н. НАТО институционална акредитација со цел да функционира како НАТО школа за односи со

јавноста. Овој Центар и целосниот систем на стратешки комуникации во Министерството претставува уште еден капацитет со кој Република Северна Македонија може да даде свој придонес кон колективната безбедност на НАТО.

Веб-страницата на Министерството доби нов лик и „златен стандард" – линијата на транспарентност каде се систематизирани сите информации од јавен интерес. И овој сегмент е предмет на постојан развој и ажурирање, зашто целта е сите информации за одбраната секој граѓанин да може да ги најде брзо лесно и едноставно на веб – страницата на Министерството.

И оваа Комуникациска стратегија на Министерството за одбрана 2023 – 2024 година е уште еден начин како да ја доближиме одбраната до граѓаните. Со неа укажуваме кои се нашите комуникациски приоритети кон домашната и екстерната (НАТО) јавност. Ја пренесуваме нашата приказна, базирана на факти, за да изградиме комуникациска отпорност и отпорност спрема секаков тип на дезинформации, со што ја зацврстуваме националната безбедност и колективната безбедност во НАТО.

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

**Славјанка Петровска**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Почитувани,

По успешното спроведување на активностите согласно Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана 2021-2022 година, Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, како организациска единица во Министерството задолжена за стратешки комуникации, пристапи кон ажурирање на овој значаен документ согласно новата реалност, современите безбедносни предизвици и плановите за развој на стратешките комуникации во одбраната.

Она што е непроменето во нашите комуникациски напори се нашите принципи и стандарди во работењето, зашто за нас најважно е информациите кои ги пренесуваме до дефинираните клучни публики да бидат брзи, навремени, и најважно – целосно вистинити. Остануваме на тој пат зашто веруваме во вредностите и начелата на комуникациите, веруваме во демократијата и слободите, веруваме дека Република Северна Македонија е современа европска држава во која на прво место е правото на граѓаните да бидат информирани.

Оваа Комуникациска стратегија 2023-2024 година опфаќа План за комуникации поделен во два дела – домашна јавност со пет теми и екстерна јавност со три теми со дефинирани клучни пораки, потоа дефинирани клучни публики, сегмент за справување со дезинформации како и детален опис на системот за комуникации во Министерството за одбрана.

Повторно значајно место во Стратегијата имаат принципите и начелата на комуникациите во одбраната кои се стандард од кој не отстапуваме. Тоа ги вклучува и стандардите за службениците за односи со јавноста во Министерството, како и каналите и алатките кои овозможуваат ефикасност во спроведувањето на односите со јавноста.

Покажавме дека системот на комуникации на Министерството за одбрана е во постојан развој, дека е агилен и приспособлив и дека поседува капацитет да одговори на сите предизвици. Успехот го темелиме на нашата професионалност и мотивираност да бидеме ефикасни и ефективни зашто јавноста и јавниот интерес е наш врвен приоритет.

Раководител на Секторот за комуникации,
аналитика и оперативна поддршка

**полковник Иван Атанасоски**

# I. ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИИ

Министерството за одбрана е релевантна, кредибилна и отворена институција која со јавноста комуницира брзо, ефикасно, навремено и со фактички точни информации.

Според Индексот за активна транспарентност за 2020, 2021 и 2022 година Министерството е прва, најтранспарентна институција во државата на централно и на локално ниво. Во 2021 и 2022 година, Министерството исполни 100 проценти од наведените критериуми и е прва институција која успеала да го достигне овој резултат. Проактивното комуницирање со клучните публики е резултат на поставеноста на Министерството за одбрана кон транспарентноста која се темели на принципи кои произлегуваат од највисоките демократски вредности, дефинирани и во Политиката за стратегиски комуникации. Комуникациските напори и односот кон транспарентното работење се дефинирани и во Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана, кој детално ги дефинира принципите и одговорностите во овој домен. Наша главна заложба беше и останува јавниот интерес, односно интересот на дефинираните клучни публики, дома и во странство.

Планот за комуникации на едно место ги систематизира темите, наративите и пораките кои можат да бидат водилка во пренесувањето на информациите од областа на одбраната за домашната јавност, како и за странската јавност со посебен фокус на НАТО и јавноста во земјите – членки. Нашата цел е да ги доближиме приоритетите и политиките во одбраната до секој граѓанин на Република Северна Македонија, до секој граѓанин на земја – сојузник во НАТО.

Планот за комуникации дефинира теми, наративи и пораки за две засебни клучни публики – домашната јавност и нејзините интереси за одбраната и екстерната јавност (НАТО и земјите – членки), со главен фокус на новата безбедносна реалност на европскиот континент и придобивките за оваа публика од членството на Република Северна Македонија во Алијансата.

## КЛУЧНИ ПУБЛИКИ

Ефикасното и ефективно комуницирање, во најголема мерка зависи и од точното дефинирање на клучните публики кон кои се фокусирани комуникациските напори. Министерството за одбрана, во двогодишниот период ќе се фокусира на истражување на информациската околина и точното дефинирање на карактеристиките и интересите на секоја од клучни публики, со цел правилно формулирање на клучните пораки, како начин за постигнување на максимален ефект.

Согласно дефинираните теми, Министерството се фокусира на две засебни јавности – домашната и надворешната, НАТО јавност.

**Домашната јавност** се состои од јавноста во Република Северна Македонија, мажи и жени во сите возрасни групи. Една од главните подгрупи се младите на возраст од 18 – 25 години, имајќи ги предвид условите за прием во Армијата како професионални војници. Во таа насока се и комуникациските напори за спроведување на популаризацијата на воената професија.

Дополнително, како клучни публики од посебен интерес се и претставниците на медиумите, невладиниот сектор, академската заедница. Овие публики се значајни заради проактивноста во пласирањето на исти комуникациски пораки преку повеќе канали.

**Надворешна, НАТО – јавност,** се однесува на јавноста во Алијансата и земјите – членки и тоа: клучните раководства на сојузничките држави (цивилни и воени), НАТО – командите и ентитетите, како и раководствата на партнерските држави (со фокус на балканскиот регион).

Министерството за одбрана активно комуницира на следните теми:

## ДЕЛ 1. ДОМАШНА ЈАВНОСТ

ТЕМА 1 – НИЕ СМЕ НАТО, НИЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ И ПРОСПЕРИТЕТНИ

ТЕМА 2 – АРМИЈАТА ВО НАТО, НАТО ВО АРМИЈАТА

ТЕМА 3 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

ТЕМА 4 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

ТЕМА 5 – ОДРЖЛИВА, ЕКО – ОДБРАНА

## ДЕЛ 2. ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ

ТЕМА 1 – НАТО СО ТРИЕСЕТТАТА: ЗАЦВРСТЕНА БЕЗБЕДНОСТ, ВТЕМЕЛЕНА СТАБИЛНОСТ

ТЕМА 2 – МКД ВО НАТО – НАШИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

ТЕМА 3 – РЕГИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЕВРОАТЛАНТСКАТА ОБЛАСТ. ОПРЕДЕЛБА НА НАТО, ОПРЕДЕЛБА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ДЕЛ 1.
# ДОМАШНА ЈАВНОСТ

# ТЕМА 1 – НИЕ СМЕ НАТО, НИЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ

Република Северна Македонија е полноправна земја – членка на НАТО од 27 март 2020 година, а во рекордно време беше завршена и воената интеграција во Алијансата – само 19 месеци по полноправното членство.

Со членството на Република Северна Македонија во НАТО започна едно ново поглавје во македонската одбрана во кое државата премина во систем на колективна одбрана, во согласност со Член 5 од Вашингтонскиот договор, во кој нападот на една земја – членка се смета за напад на целата Алијанса. Главните цели на државната одбранбена и безбедносна политика е да обезбеди мирен развој, независност и суверенитет на државата, територијален интегритет, уставен поредок и безбедност на граѓаните, дома и во целата евроатлантска област.



По неколкугодишните предизвици предизвикани од пандемијата на корона – вирусот, европскиот континент со руската инвазија врз Украина влезе во нова безбедносна криза која покажа дека конвенционалната војна во Европа не е минато и дека таа во 21 - век е уште покомплексна, особено поради тоа што средината на војување не е само копното, водата и воздухот, туку е и информациската средина. Тоа е особено видливо во доменот на пробивот на дезинформациите и лажните вести чија основна цел е да лиферуваат фактички неточни информации кои го поткопуваат кредибилитетот и создаваат лажна перцепција за одреден настан, организација или личност.

Република Северна Македонија, како земја – членка на НАТО активно придонесува кон колективната безбедност на Алијансата. Нашата позиција во однос на руско-украинскиот конфликт е јасна и недвосмислена – нашата држава го осудува овој конфликт и повикува на итен прекин на воените дејствија. Владата на Република Северна Македонија донесе одлуки за воено-техничка и хуманитарна помош чија цел не е да се продолжат воените дејствија, туку независна Украина да ја одбрани својата независност и територијален суверенитет.

Во контекст на НАТО, Република Северна Македонија заедно со останатите НАТО – членки го донесе новиот Стратешки концепт, врз основа на неколку клучни принципи: цврстата позиција за одбрана на слободата и безбедноста на сојузниците; трансатлантската врска помеѓу нациите која е клуч за безбедноста, а е базирана на заедничките вредности како индивидуалните слободи, човековите права, демократијата и владеењето на правото; позиционирањето на НАТО како исклучително важен форум за консултација, координација и делување по сите прашања за индивидуалната или колективната безбедност; континуирано исполнување на трите клучни задачи на НАТО: одбрана и одвраќање, превенција и менаџирање на кризи и кооперативна безбедност; како и унапредувањето на индивидуалната и колективната отпорност и технолошкиот напредок, како клучни за исполнување на трите задачи.



**Оттука:**

**1. Република Северна Македонија, како земја – членка на НАТО е безбедна и сигурна. Со членството во НАТО ние не ја изгубивме нашата амбициозност.** Рекордери сме во брзината со која целосно воено се интегриравме во Алијансата и активно придонесуваме кон колективната безбедност на целата евроатлантска област. Заедно со НАТО, ние сме гарант за безбедноста на секоја педа сојузничка територија.

**2. Евроатлантската област не е во мир. Агресијата на Руската Федерација врз самостојна, суверена и независна Украина ги прекрши сите правила и принципи на меѓународното право и меѓународниот поредок.** Република Северна Македонија како одговорна членка на НАТО и на меѓународната заедница цврсто и јасно го кажа својот став – оваа агресија е нелегална и мора да запре. Република Северна Македонија постојано повикува на итен прекин на воените дејствија и воспоставување на дијалог по дипломатски пат. Тоа е единствениот начин да се дојде до одржливо решение за сите предизвици.

**3. Како земја – сојузник, заедно со останатите членки на Алијансата го донесовме новиот Стратешки концепт.** Ние имаме трите клучни задачи: одбрана и одвраќање, превенција и менаџирање на кризи и кооперативна безбедност; како и унапредувањето на индивидуалната и колективната отпорност и технолошкиот напредок, како клучни за исполнување на трите задачи.

# ТЕМА 2 – АРМИЈАТА ВО НАТО, НАТО ВО АРМИЈАТА

Нашата основна заложба е континуиран раст на средствата за одбраната. До 2024 година, Република Северна Македонија ќе алоцира 2 процента од бруто-домашниот производ за одбраната. Патот до оваа цел го чекориме и со одобрениот буџет за 2022 година кој изнесува 1,77% од бруто-домашниот производ, како и предлог - буџетот за 2023 година, кој изнесува 1,85 процент, односно околу 17 милијарди денари. Освен растот на буџетот, и неговата структура овозможува интензивно опремување и модернизација на Армијата. Во 2022 година, една третина од одобрениот буџет е наменета за опремување и модернизација, додека согласно предлог-буџетот за 2023 година, предвидено е за опремување да се одвојат 32,4 проценти.

БУЏЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА
ЗА 2023 ГОДИНА

**274,6 МИЛИОНИ ЕВРА, 1,85% ОД БДП**

Стабилното финансирање на Армијата овозможува зголемување на борбената готовност и интероперабилноста на Армијата и нејзина сериозна модернизација, како и унапредување на стандардот на припадниците на Армијата и подобрување на условите за работа. Тежиштето на модернизацијата е на декларираните сили, поточно Лесната пешадиска борбена група. Согласно Планот за опремување и модернизација на Армијата и приоритетите за опремување на декларираните сили преку повеќегодишни проекти, набавуваме лесни оклопни возила, неборбени возила, логистичка опрема, информатичка опрема и опрема за сајбер – заштита, опрема за пешадиски и извидувачки единици, артилериски средства. Дел од армиските капацитети веќе се и првите 32 лесни оклопни возила JLTV. Во 2021 година, американскиот Стејт Департмент ја одобри набавката и на возила од типот „Stryker", повеќегодишен проект кој се реализира во соработка со Владата на САД.



Веќе е потпишан и договор со Република Франција за набавка на системи за против-воздушна одбрана.

За нас најважен е припадникот на Армијата, службеникот во Министерството. Нивната мотивација, нивната посветеност на одбраната, но и нивната позиција во општеството. Мотивацијата кај вработените значи и силна институција, подготвена да се справи со сите предизвици. Го вративме достоинството на „луѓето во униформа" и ги направивме достојни на нивното место во општеството како лица во кои граѓаните имаат најголема доверба. Со последните измени во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија предвидовме и донесовме голем број поволности за армиските припадници – ја усогласивме нивната плата со зголемувањето на минималната плата, воведовме исплата на надоместок за закупнина за секој припадник на Армијата од првиот момент на пристапување во работен однос во Армијата, предвидовме можност за исплата на отпремнина за секој професи-



онален војник со навршени 45 години старост, во висина од две просечни плати, но не помалку од 1.000 евра за секоја измината година во Армијата, предвидовме пензионирање со 40 години работен стаж (односно 38 години за жени), без оглед на возраста, пресметка на пензиските примања во висина од 80% во најповолните десет години од денот на формирање на Армијата и нова пресметка на пензијата за поранешните припадници на Армијата согласно ова законско решение, стипендирање на студенти од критичните специјалности во висина од 30-80% од просечната минимална нето плата во државата во зависност од студиската година која се стипендира и парична награда во висина од 50% односно 100% од износот на месечната стипендија за стипендираните лица кои ќе ја завршат студиската година со просечна оценка 8,00 односно 9,00. Поволности кои припадниците на Армијата целосно ги заслужуваат.

Го зголемуваме интересот во воената професија – доказ за тоа е фактот дека на последниот оглас за прием на професионални војници во 2022 година, за 200 места пријавени се 900 кандидати. Квантитет кој носи квалитет. Со членството во НАТО, целосно ги отворивме вратите кон можностите за доедукација и усовршување. Обуките за земјите на НАТО се обуки достапни за нас. Вежбите на Алијансата се отворени и за нашата, НАТО – Армија.

**Оттука:**

**1. Целосно сме посветени на стабилното финансирање на одбраната кое овозможува непречен развој.** Секоја година има повеќе пари за помотивирана, помодерна, посилна НАТО – Армија! Парите од граѓаните се пари за армијата. Пари за подобри услови, подобра опрема и поголеми вештини на секој припадник на армијата.

**2. Реконструкцијата, ревитализацијата и развојот се наши приоритети. Ги подобруваме условите за работа, модернизацијата е во тек. Набавуваме нова опрема, нови одбранбени системи за силна и мотивирана војска.** За НАТО – Армија, потребни се НАТО – услови. Целосно се реконструирани, или во фаза на реконструкција се 13 објекти на Армијата. Веќе се пристигнати првите шест лесни оклопни возила Oshkosh JLTV, започната е набавката на оклопните транспортери од типот Stryker, како и набавка на системи за противвоздушна одбрана од француската компанија МБДА. Набавуваме и неборбени возила. Ја развиваме сајбер одбраната. Планираме воведување на воено воздухопловство од западно производство и системи за против-воздушна одбрана. Купуваме опрема за лична заштита за нашите војници.

**3. Го зголемуваме стандардот на припадниците на Армијата и го развиваме најважното – човечките капацитети.** Овозможуваме стабилна и развојна кариера, постојана едукација и доусовршување, обуки и вежби! Човечкиот потенцијал е нашето најголемо богатство. Мотивацијата и посветеноста на секој војник е рецепт за успешна одбрана. Поголемите плати, решавањето на круцијалното станбено прашање преку закупнина за сите припадници на Армијата, почитувањето на одредбите од колективниот договор кои значат повеќе пари за вработените – тоа го направивме, го правиме и ќе го правиме. Воедно, ја подмладуваме Армијата. Воената професија станува интересна за граѓаните. Сите НАТО – обуки се обуки достапни за припадниците на Армијата на Република Северна Македонија. Вратите се отворени, намерата е јасна. Создавање на вистински НАТО офицери, подофицери и професионални војници. Ги интензивираме и заедничките вежбовни активности, дома и кај сојузниците. Ја развиваме интероперабилноста која е основа за заедничкото работење и за функционирање на системот на колективната одбрана која е наш, заеднички заштитен чадор. Во сите овие процеси внимаваме и на родовата еднаквост и родовата перспектива зашто одбраната може да се развива само ако се искористи целокупниот потенцијал на сите вработени – и мажи и жени.

# ТЕМА 3 –ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Министерството за одбрана е прворангирано на листата на сите централни и локални институции согласно Индексот на активна транспарентност за 2020, 2021 и 2022 година. Граѓаните имаат најголема доверба во Армијата. Јавноста, отвореноста и транспарентноста се нашиот код. Нашиот принцип е јасен – остануваме максимално отворени кон граѓаните. Остануваме на самиот врв.

| ТРАНСПАРЕНТНОСТ | |
|---|---|
| 2020 | 1 место (97,9%) |
| 2021 | 1 место (100%) |
| 2022 | 1 место (100%) |

Интензивно развиваме систем за справување со дезинформации и работиме на подигнување на капацитетите за создавање на кадри во доменот на стратешките комуникации и односите со јавноста, како основна алка во процесот за обезбедување на транспарентна, отчетна, отворена институција.

**Оттука:**

**1. Министерството за одбрана е прво на независното мерење на Активната транспарентност. Бевме мотивирани и во 2020 година со 97,9% исполнети критериуми, одбраната застана на првото место на овој Индекс. Првпат, централна институција е на самиот врв, првпат одбраната е најтранспарентна.** Продолживме уште попосветено и успеавме во 2021 и во 2022 година да го задржиме првото место, но овојпат со 100% исполнетост на предвидени критериуми. Работиме за јавниот интерес, покажуваме дека за нас е важно граѓаните да се информирани каде се вложуваат средствата од буџетот. Нивните средства. Над 70 проценти од граѓаните имаат доверба во Армијата, институција која има долго реноме како институција со најголема доверба во државата и тоа не е случајно. Армијата постои за граѓаните, за нивните потреби, за нивната сигурност.

**2. Поставивме систем за континуирана отвореност и транспарентност на одбраната.** Со подзаконски акт воведовме правила и процедури кои ќе овозможат одбраната да остане во самиот врв на отвореноста и отчетноста. Дефениравме задачи и одговорности за секоја организациска единица, интерни правила на постапување со сите барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и воведовме нов лик на веб-страницата на Министерството кој е јасен, прегледен и, најважно, одговара на потребите за информации на граѓаните. „Линијата за транспарентност" е нашиот златен стандард.

**3. Создадовме систем за справување со дезинформации зашто тоа се намерно креирани лажни или манипулирани информации кои имаат за цел да ја измамат, односно да ја доведат во заблуда клучната публика.** Изработивме Концепт за развој на систем за справување со дезинформации базиран на три видови на функции – превентивна, проактивна и реактивна функција, чии задачи и одговорности се испреплетуваат и се меѓузависни. Водечкиот сегмент во превентивната функција е Регионалниот центар за односи со јавноста – НАТО партнерски центар за обука и едукација кој организира обуки во доменот на односи со јавноста. Неодамна, во рамките на оваа функција беше пилотиран и првиот курс за справување со дезинформации и градење на отпорност, на кој учество зедоа владини комуникатори. Со овој курс, „де факто" започна да се реализира и превентивната функција во рамките на овој систем. Проактивната функција се базира на предвремено детектирање на можни дезинформации (т.н. pre-debunking) и нивно пресретнување со зголемена визибилност на фактички точни информации во детектираната област, како и поширoко информирање на детектираните клучни публики за теми од интерес на одбраната и НАТО. Третата функција од овој систем – реактивната, е всушност процес на брзо пресретнување на дезинформациите во информацискиот простор преку соодветен мониторинг, нивно пренесување во системот и нивен, брз, навремен и соодветен одговор.

## ТЕМА 4 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Република Северна Македонија има капацитети со кои дава свој несомнен придонес кон колективната безбедност. Експертите од НАТО и САД високо ги оценуваат капацитетите на армискиот полигон „Криволак“. Досегашните вежбовни активности на сојузничките армии се потврда за тоа. Ќе продолжиме да инвестираме во овој уникатен полигон кој станува и домашен, но и НАТО ресурс, што ќе придонесе и кон зацврстување на локалната и на националната економија. Доказ за тоа е и најголемата вежба организирана во Република Северна Македонија заклучно со 2022 година – вежбата „Swift Response“, во која учествуваа над 4.600 армиски припадници од 8 сојузнички нации – Република Северна Македонија, САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија и Грција. Приказ на сојузништво и силна интероперабилност.



Новата безбедносна реалност на европскиот континент побарува и силна борба за вистината во информацискиот простор. НАТО утврди исклучително голема потреба од трениран, подготвен персонал во доменот на односи со јавноста и справувањето со дезинформации, а Регионалниот центар за односи со јавноста го понуди решението. РЦОЈ е веќе етаблиран Центар, уникатен по својата програма за едукација во рамки на Алијансата. Започната е првата фаза за уште посилен развој на РЦОЈ, односно негова институционална акредитација во рамки на НАТО и негово позиционирање како НАТО центар за односи со јавноста со највисок степен на акредитација во Алијансата.



Република Северна Македонија е одговорна членка на меѓународната заедница. Грижата и поддршката кон глобалната безбедност е и наша задача. Нашата држава од 2002 година активно учествува во мировни мисии на Алијансата, додека истовремено придонесуваме и во мисии на Обединетите нации и на Европската Унија. Придонесот во мисии е двонасочна улица – го поддржуваме глобалниот мир, додека истовремено се стекнуваме со значајни искуства и ја развиваме интероперабилноста со сојузниците.



**Оттука:**

**1. „Криволак“ е капацитет на Република Северна Македонија, но и капацитет на НАТО. Затоа на овој полигон развиваме инфраструктура и воспоставуваме нови содржини.** Успеавме да ја развиеме неговата внатрешна инфраструктура, заедно со сојузниците работиме на развојот на нови содржини. Го развиваме Криволак, но истовремено внимаваме и на зачувувањето на животната средина со обезбедување на постојана мерна станица. Со инвестиција на „Криволак“ развиваме посилна локална економија. Со секоја вежба, се отвора уште една можност за зајакнат локален развој.

**2. Започнуваме ново поглавје во развојот на Регионалниот центар за односи со јавноста како НАТО акредитиран центар.** Алијансата во повеќе наврати има изразено силна поддршка за функционирањето на овој центар, а од неодамна дава силна поддршка и во однос на неговиот развој. Токму во контекст на развојот на овој центар, Министерството веќе работи на првата фаза од процесот кој ќе овозможи негова НАТО институционална акредитација, односно акредитација која ќе потврди дека системот за менаџирање на квалитет, системот на работа, изведувањето на обуките, видовите на обуки, подготвеноста на персоналот и мотивацијата на персоналот е согласно највисоките НАТО стандарди. Овој процес на развој и самооценка ќе се реализира во текот на 2023 година, додека НАТО – процесот на институционална акредитација согласно плановите ќе започне во 2024 година.

**3. Ја поддржуваме глобалната безбедност, кај нас се зацврстува регионалната стабилност: Република Северна Македонија го продолжува своето учество во мировните мисии на НАТО, ООН и ЕУ.** Нашите припадници остануваат ангажирани во мисијата на НАТО на Косово, КФОР, во мисијата на ООН, УНИФИЛ во Либан и во операцијата АЛТЕА на ЕУ во Босна и Херцеговина. Учествуваме во рамки на мисијата на ЕУ во Централноафриканската Република. Во рамите на зајакнатото присуство на НАТО на источната граница на Алијансата, наши припадници се дел од мисијата на НАТО во Латвија (во рамките на словенечкиот контингент), предводена од Канада, во борбената група во Романија предводена од Франција и борбената група во Бугарија, предводена од Италија. За нас безбедно НАТО и безбеден регион, значи и безбедна Република Северна Македонија. Домаќини сме и на Бригадата на Југоисточна Европа. Главниот штаб на една од најистакнатите регионални иницијативи, до 2026 година е стациониран во Куманово.

## ТЕМА 5 – ОДРЖЛИВА, ЕКО – ОДБРАНА

Безбедносната криза на континентот, иницирана од нелегалната и неиспровоцирана руска агресија врз Украина во февруари 2022 година, донесе голем број на предизвици на безбедносен, но и на економски и енергетски план. Тоа, всушност, покажа дека Планот за повисоки еколошки стандарди во одбраната, кој се фокусира и на зголемувањето на енергетската ефикасност во одбраната и Армијата, е вистински план, во вистинско време.



Одбраната покажа дека во време на криза, може да биде и пример за ефикасно искористување на енергенсите. Забележано е постојано намалување на искористената електрична енергија споредбено со истите периоди претходната година што значи дека и системот и вработените се целосно свесни за потребата од ефикасно искористување на енергијата.

Освен ефикасноста, воведувањето на нови технологии за нас е императив. Планот за повисоки еколошки стандарди предвидува и еден сеопфатен самостоен систем за производство на електрична енергија во количина доволна за самостојно функционирање на системот, и тоа користејќи обновливи извори.

**Оттука:**

**1. Еко – одбраната е вистинскиот одговор на растечката енергетска нестабилност.** Овој план, иако првично фокусиран на намалувањето на влијанието врз животната средина предизвикано првенствено од начинот на загревање, покажа дека е најдобриот начин за ефикасно искористување на енергенсите и рационално трошење на државниот буџет, односно парите на граѓаните. Планот е поставен на четири столбови - замена на енергенсите за затоплување на објектите на одбраната и на Армијата, од загадувачки во незагадувачки, потоа зголемување на енергетската ефикасност на објектите, односно нивно целосно реновирање, следење на загадувањето од активностите на Армијата и, можеби најзначајно денес, поставување на фотоволтаични електрани во касарните на Армијата, со што потребите за електрична енергија ќе ги задоволуваме целосно од наше производство. Гасификацијата на касарните во Петровец и во Куманово е при самиот крај, а реновирани или во тек на реновирање, се 13 објекти кои со децении биле оставени на забот на времето. Во моментов (2022 година), се работи во касарната во Штип каде е сместена и нашата НАТО единица.

**2. Мерките за заштеда на електрична енергија даваат резултат во одбраната – за третина намалена потрошувачката на струја.** Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во септември и октомври 2022 година целосно се придржуваат кон мерките за штедење на електрична енергија, а резултатот може да се види преку заштедата од 27 проценти за октомври и 28 проценти за септември споредено со истите месеци минатата година. Вработените во одбраната и Армијата покажаа високо ниво на свесност за потребата од ефикасност во користењето на електричната енергија, за што е донесено и Упатство за намалување на потрошувачката на електрична енергија, кое се однесува на сите вработени и сите армиски припадници. Ова Упатство предвидува детални чекори кои даваат резултат, односно пропишува начин на управување со си-

стемот за греење и ладење, ефикасно проветрување на просториите, ефикасно осветлување, правилно користење на канцелариската опрема и редовно одржување и чистење на клима уредите. Упатството е јавно и транспарентно објавено на веб – страницата на Министерството.

**3. Согласно Планот, нашата среднорочна цел е – воведување на нови технологии, односно изградба на фотоволтаични централи за целосно покривање на потребите за електрична енергија од сопствено производство. Амбициозно, но не и неостварливо.**

# ДЕЛ 2.
# ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ

## ТЕМА 1 – НАТО СО ТРИЕСЕТТАТА: ЗАЦВРСТЕНА БЕЗБЕДНОСТ, ВТЕМЕЛЕНА СТАБИЛНОСТ

Членството на Република Северна Македонија во Алијансата претставува уште една компонента која ја зацврстува безбедноста и стабилноста на Југоисточна Европа, регион кој е инкорпориран во рамките на евроатлантската област. Македонското општество се базира на истите принципи кои се дел од кодот на нашите сојузници: Република Северна Македонија е функционална демократска држава во која се втемелени западните вредности – еднаквоста по сите основи, владеењето на правото, слободите на говор и изразување. НАТО заштитува (protects), НАТО обединува (unites), НАТО зацврстува (strengthens) – тоа е нашата заедничка мисија. Република Северна Македонија вложува во одбраната, ја модернизира опремата. Цврсто сме одлучни да опстанеме на патот до проектираните 2 процента од БДП за одбраната, што се гледа и во растот на буџетот за 0,2 процента од БДП секоја година и тоа може јасно да се види преку буџетите на одбраната за 2020, 2021, 2022 и предлог-буџетот за 2023 година.

ВЛОЖУВАМЕ (во одбраната). МОДЕРНИЗИРАМЕ (опрема и вооружување). УЧЕСТВУВАМЕ (во мировни мисии).

## ТЕМА 2 – МКД ВО НАТО – НАШИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Колективната безбедност е основната придобивка за секоја од нас, триесетте. Република Северна Македонија цврсто верува во принципот „еден за сите, сите за еден“ и во таа насока сите свои капацитети целосно ги отвора кон сојузниците. Новиот Стратешки концепт на НАТО 2022 година цврсто укажува на тоа дека НАТО е одлучен во одржувањето на слободата и безбедноста на секоја од сојузничките земји и дека трансатлантската врска е столбот на заедничката безбедност. Триесеттите нации, на Самитот на НАТО во Мадрид потврдија дека евроатлантската област не е во мир и дека Русија ги прекрши сите норми и принципи кои ја одржуваа стабилноста и предиктибилноста на европската безбедност. Но, тоа не е само безбедносен ризик, туку и уникатна можност за развој на посилна трансатлантска врска, за обединетост како никогаш досега, за заедништво со иста цел – заштита на секој сантиметар сојузничка територија.



Предизвиците по секоја од нас, земјите – членки се предизвици со кои можеме да се справиме само ако работиме заедно, здружени и сплотени. Армискиот полигон „Криволак“, оценет од домашните експерти и експертите на нашите сојузници како уникатен капацитет за реализација на вежби во најреални можни услови станува НАТО ресурс. Ја развивме неговата внатрешна инфраструктура и заеднички ги развиваме содржините кои тој ги нуди на вооружените сили на сите земји-членки на Алијансата. Впрочем, неговата вредност се потврди и при реализација на вежбата „Swift Response 22“ во 2022 година, со околу 4.600 припадници на, осум земји членки на Алијансата (Република Северна Македонија, САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија и Грција). Интероперабилноста како една од најваж-

ните вештини која ни овозможува да работиме заедно, користејќи ги истите, хармонизирани, стандарди, доктрини и процедури, ќе продолжиме да ја развиваме и при следната голема воена вежба планирана за 2023 година, која е во иницијална фаза на планирање.

Стратегиските комуникации и справувањето со дезинформациите се препознаени како едно од клучните безбедносни предизвици на 21 век, а тоа се потврди и со руско – украинската војна. Во таа насока започнуваме уште поамбициозно да го развиваме Регионалниот центар за односи со јавноста, сертифициран НАТО – партнерски центар за обука и едукација, уникатен по својата понуда како центар ексклузивно посветен на обучувањето на идните офицери и специјалисти за односи со јавноста. Овој центар ќе функционира како НАТО акредитиран центар за односи со јавноста со највисоко ниво на акредитација кој ќе биде првиот избор за создавање на нови и високо обучени кадри во доменот на односите со јавноста и справувањето со дезинформациите во Алијансата. На веќе воспоставениот центар му додаваме и нова клучна вредност – борбата против дезинформациите и лажните вести, како дел од системот за справување со дезинформации во Министерството за одбрана.

## ТЕМА 3 – РЕГИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЕВРОАТЛАНТСКАТА ОБЛАСТ. ОПРЕДЕЛБА НА НАТО, ОПРЕДЕЛБА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Повеќедецениското учество во мировните мисии на Алијансата ја покажува цврстата определба на државата за поддршка на сојузничките политики и напорите за воспоставување на глобален мир и безбедност. Учествуваме во мисијата на НАТО на КФОР зашто мирен, безбеден и просперитетен регион е и наша цел. Со сојузниците сме заедно и на источната граница на Алијансата. Учествуваме во мисијата на НАТО во Латвија, во декември 2022 година започнавме со учество и во борбените групи на Алијансата во Бугарија и Романија.



Безбедноста на НАТО е заедничка определба и заедничка обврска. Затоа и Република Северна Македонија донесе одлука со свои припадници да даде придонес кон определбата на Алијансата за безбедност на сите земји – членки и на над 1 милијарда луѓе во НАТО.

Не заборавивме ниту на нашите определби за безбедност во Босна и Херцеговина каде учествуваме во мисијата на Европската Унија, ЕУФОР – АЛТЕА, безбедноста во Африка, како учесници во ЕУ мисијата во Централноафриканската Република и безбедноста во Либан, како дел од мисијата на ООН во оваа земја, УНИФИЛ.

Визијата на НАТО за безбеден свет е и наша визија, напорите на Алијансата во достигнувањето на оваа визија се и наши напори. Затоа што знаеме дека **заедно сме посилни**.

## СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

Дезинформациите се препознаени како едно од клучните безбедносни предизвици во секое современо општество. Ова е особено видливо во денешната безбедносна реалност. Руско-украинската криза покажа дека паралелно со борбата на копно, во море и во воздух, се води и борба за вистината во информациската сфера. Министерството за одбрана активно работи на развој на способности за справување со дезинформациите, првенствено преку системот за справување со дезинформации, во чии рамки се развива т.н. превентивна и образовна улога, заедно со функцијата на брзо и навремено откривање на дезинформациите и креирањето на систем за брз одговор на детектираните дезинформации.

Согласно Концептот за развој на систем за справување со дезинформации, превентивната функција се фокусира на развојот на медиумската писменост преку организација и реализација на обуки и курсеви, како и преку блиска соработка со Министерството за образование и наука и невладиниот сектор. Превенцијата вклучува и реализација на семинари и работилници со претставниците на медиумите со цел зголемување на разбирањето за одбранбената област, како и соработка со факултетите за новинарство и односи со јавноста. Проактивната функција се однесува на континуирано продуцирање на информативен материјал кој ќе овозможи ефикасно справување со дезинформациите, навремено планирање за можна појава на дезинформации, организација на т.н. „настани во заедницата“ со цел доближување на одбранбените активности до граѓаните, како и вмрежување со националните, НАТО и ЕУ капацитети за справување со дезинформации (т.н. „fact-chekers“). Реактивната функција првенствено значи сеопфатен медиумски мониторинг и креирање на систем за брз проток на информации за постоење на одредена дезинформација (брз систем на известување во рамки на Министерството и Армијата).

Развојот на капацитетите на Министерството и Армијата во доменот на стратегиските комуникации е еден од врвните приоритети, особено во доменот на развојот на лицата за нивна реализација. Регионалниот центар за односи со јавноста, согласно годишните планови за обука, континуирано спроведува курсеви за односи со јавноста, додека истовремено заеднички со сојузниците, се прават и чекори кон доусовршување на постојните сертифицирани медиа тренери во областа на стратегиските комуникации, и разработка на основен курс за стратегиски комуникации, како дел од понудата на Центарот. Овој центар се фокусира и на развојот на капацитети и човечки потенцијал со познавања во областа на справувањето со дезинформациите, за што беше развиен и Курс за справување со дезинформации и градење на отпорност.

# II. СИСТЕМ НА КОМУНИКАЦИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството функционира согласно принципот на „максимална отвореност со минимално одложување", додека истовремено во континуитет истото се етаблира како најбрзиот извор на комплетно точни и проверени информации, односно како **првиот и најкредибилниот извор на информации во доменот на одбраната и безбедноста** во нашата држава. Тоа подразбира и континуирано креирање на бренд кој е препознатлив, и во кој граѓаните имаат неприкосновена доверба.

Еден од фундаментите за ефикасна комуникација е развојот на сеопфатен процес на стратегиски комуникации во Министерството и во Армијата на Република Северна Македонија кои во основа за овие две институции значи ефикасно и ефективно координирање и имплементирање на своите комуникациски активности и способности, како поддршка на останатите политики, операции и активности, за исполнување на целите на државата, Министерството и Армијата.

На стратегиските комуникации се гледа како на приспособлив процес кој овозможува темелно да се разбере целната публика, да се врши континуирана координација и синхронизација на наративите, темите и пораките, како и да се утврди конкретниот резултат од преземените активности. Главниот бенефит од воспоставувањето на ефикасен систем на стратегиските комуникации е можноста за координирано, превентивно, проактивно и реактивно пласирање на информации низ сите канали и со сите соодветни алатки на односите со јавноста во клучен момент за остварување на визијата и мисијата на Министерството и на Армијата.

Министерството и Армијата континуирано комуницираат со јавноста на начин со кој на јавноста и се укажува за што треба да размислува, наместо што да мисли. Јавниот интерес е наша главна заложба. Информирањето на граѓаните се базира на точност, јасност и навременост, користејќи различни канали за комуникација, најсоодветни за дефинираните клучни публики, дома и во странство.

Системот на комуницирање во Министерството за одбрана е во фаза на трансформација, а главната цел е зголемување на неговата ефикасност и ефективност. Трансформацијата опфаќа консолидација на капацитетите за односи со јавноста во Сектор одговорен за стратегиски комуникации кој ќе биде основното јадро за координација на комуникациските активности. Функциите во овој сектор вклучуваат развој на системот за информирање, справување со дезинформации, целосна организација на медиумски активности, изработка на пишан материјал во промоција на активностите на Министерството, изработка на медиумски анализи и дневен преглед, како и реализација на обуки за унапредување на капацитетите за односи со јавноста во државата и во Алијансата.

Кои се принципите на стратегиските комуникации по кои се водиме?

Стратегиските комуникации треба да се разберат како процес и начин на размислување кој овозможува пошироко сфаќање на карактеристиките на информациската средина во која главните наративи се преточуваат во конкретни теми од кои произлегуваат кампањи и активности.

Сите овие елементи се базирани на следните принципи и начела:

- Сите активности се базирани на вредностите на демократијата, вредности препознаени во државата, нејзините институции и НАТО;
- Активностите се спроведуваат во согласност со целите на Министерството и на Армијата утврдени во стратегиските документи, политиките и наративите;
- Кредибилитетот и довербата се од суштинско значење и како такви треба да имаат приоритет при спроведувањето на стратегиските комуникации;
- Зборовите мора да ги отсликуваат делата; делата мора да ги отсликуваат зборовите;
- Стратегиските комуникации се заеднички, координиран и интегриран процес на Министерството и на Армијата;
- Разбирањето на информациската средина во која се пласираат производи на односите со јавноста, користејќи соодветни алатки, преку соодветни канали, е од суштинско значење за постигнување на посакуваниот ефект. Тоа го подразбира и разбирањето, вредностите и размислувањата на целната публика;
- Разбирањето дека секое лице, кое е составен дел од Министерството и од Армијата е претставник на институцијата и во тој контекст ги пренесува пораките на институцијата по принципот „еден глас“;
- Разбирањето на секој вработен во Министерството и во Армијата дека припаѓа на еден заеднички колектив кој има иста цел, иста мисија и иста визија;
- Фокусот на сите активности на стратегиските комуникации е на постигнување на посакуваниот ефект и резултат(и).

Водиме сметка за професионализацијата на комуникациите во одбраната. Инвестираме во професионалците кои работат во овој домен затоа што нивните способности значат и поефикасен систем за информирање. Овие службеници во Министерството се и владини комуникатори и во тој контекст го следат Кодексот за однесување на владините службеници за односи со јавноста според кој нивната основна должност е на јавноста да пренесуваат официјални ставови и политики на Министерството и со својата етика, мотивираност, вештини и способности да придонесат кон основните принципи на функционирањето на извршната власт – транспарентноста, отвореноста и отчетноста.

Впрочем, принципите наведени во Кодексот на однесување на владините службеници за односи со јавноста се пресликуваат во целост. Службениците за односи со јавноста во Министерството за одбрана:

- секогаш ја кажуваат вистината;
- тие се непристрасни;
- внимателни се во својот пристап;
- ја задржуваат објективноста;
- носат одлуки исклучиво врз база на претходна анализа;
- обврските кои произлегуваат од службата ги ставаат пред личните интереси;

- кај нив постои исклучително развиена свесност за можноста од постоење на судир на  интереси;
- тие јасно го одвојуваат своето приватно од професионалното делување.

Министерството ја препознава вредноста на новите комуникациски канали, социјалните мрежи кои овозможуваат директна и двонасочна комуникација со граѓаните, што е причина повеќе за нашиот интерес да бидеме активен учесник во оваа сфера. Нашата цел е да го привлечеме вниманието на граѓаните преку социјалните мрежи, но и активно и непосредно да им помагаме во разбирањето на одбранбениот систем, неговите функции и должности.

Комуникаторите во Министерството за одбрана внимаваат и на начинот на кој ги користат социјалните медиуми со свои приватни канали. Однесувањето на овие комуникатори на приватните канали, директно се поврзува со нивната личност и кредибилитет, кој се пренесува и во работната средина. Несомненото поврзување на однесувањето на личните профили со позицијата како службеници за односи со јавноста во Министерството за одбрана има потенцијал да нанесе штета на кредибилитетот на институцијата и заради тоа несоодветните комуникации кои содржат дискриминаторска, навредувачка, заканувачка содржина или елементи на говор на омраза треба во целост да се избегнуваат. Кредибилитетот на институцијата, која во комуницирањето се базира првенствено на фактичка точност, не смее да биде доведен во прашање.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка

Одделение за медиа и мултимедијална работа

Следете нè на:

@DefenceMKD

@DefenceMKD

Министерство за одбрана